Уп. бр. 08-53

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвотоДаимлер АГ (Daimler AG) со регистрирано седиште на Мерцедесштрасе 137, 70327 Штутгарт, Германијаи друштвотоЖејанг Гили Холдинг Груп Ко., Лтд., со регистрирано седиште на 1760 Јанглинг Роуд, Бинјанг Дистрикт, Хангжоу Сити, Народна Република Кинапреку адвокатАндреа Лазаревска од Скопје, на седницата одржана на ден 26.06.2019година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на основање на заедничко вложување во Народна Република Кина од страна на Даимлер АГ со седиште на адреса Мерцедесштрасе 137, 70327 Штутгарт, Германија и Жејанг Гили Холдинг Груп Ко., Лтд., со седиште на адреса 1760 Јанглинг Роуд, Бинјанг Дистрикт, Хангжоу Сити, Народна Република Кина, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## **О б р а з л о ж е н и е**

До Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) на ден 17.05.2019 година, а дополнето на ден 03.06.2019 година, согласно одредбите од член 15 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот),Даимлер АГ со седиште на адреса Мерцедесштрасе 137, 70327 Штутгарт, Германија и Жејанг Гили Холдинг Груп Ко., Лтд., со седиште на адреса 1760 Јанглинг Роуд, Бинјанг Дистрикт, Хангжоу Сити, Народна Република Кина поднесоа известување за

концентрација кое се однесува на основање на заедничко вложување во Народна Република Кина од страна на Даимлер АГ, Германија и Жејанг Гили Холдинг Груп Ко., Лтд.Народна Република Кина. Даимлер АГ, Германија и Жејанг Гили Холдинг Груп Ко., Лтд.,Народна Република Кина ќе имаат по 50% од акциите во заедничкото вложување и ќе имаат заедничка контрола над заедничкото вложување.

Предметната трансакција претставува концентрација во смисла на член 12 став (4) од Законот.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, прилозите кон истото и дополнувањето го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

1. Даимлер АГ, Германија со своите сектори Мерцедес-Бенц (Mercedes-Benz) автомобили, Даимлер (Daimler) камиони, Мерцедес-Бенц (Mercedes-Benz) комбиња, Даимлер (Daimler) автобуси и Даимлер (Daimler) финансиски услуги е друштво кое јавно котира, соодветно основано во согласност со германските закони, со регистрирано седиште во Штутгарт, Германија.На глобално ниво, Даимлер се занимава со развој, производство и дистрибуција на автомобилски производи, главно патнички автомобили, камиони, комбиња и автобуси.Секторот Мерцедес-Бенц автомобили продава патнички автомобили од трговските марки мерцедес-бенц и "смарт" ("smart").Секторот Финансиски услуги обезбедува поддршка за продажбата на возила ширум светот.Неговото портфолио на производи и услуги се состои од пакети за финансирање и лизинг приспособени на дилерите и на купувачите, како и од финансиски услуги како што се посредување во осигурување, инвестициски производи, кредитни картички и управување со целосен возен парк и лизинг услуги.Постојното портфолио на трговски марки на Групацијата Даимлер ги опфаќа, покрај мерцедес-бенц, мерцедес–АМГ (Mercedes-AMG), мерцедес–мајбах (Mercedes-Maybach) и мерцедес ми (Mercedes me), и трговските марки смарт (Smart), ИКЈУ (EQ), фреитлајнер (Freightliner), вестерн стар (Western Star), баратбенц (BharatBenz), ФУСО (FUSO), сетра (Setra) и томас билт басис (Thomas Built Buses), како и трговските марки на секторот Даимлер финансиски услуги.

Групацијата Даимлер нема никакви подружници, филијали или претставништва во Република Северна Македонија. Групацијата Даимлер АГ е индиректно присутна во Република Северна Македонија преку својата основна дејност-продажба на возила (автомобили, камиони и автобуси) пеку дистрибутерот Мак Аутостар ДООЕЛ, Скопје.

2. Жејанг Гили Холдинг Груп Ко., Лтд., Народна Република Кина е производител на автомобили кој се занимава со производство и продажба на патнички возила ширум светот.Деловната активност на целата Групација Гили (вклучувајќи го Жејанг Гили Холдинг Груп Ко., Лтд.,, неговото поврзано друштво Гили Технолоџи Груп Ко., Лтд. (Geely Technology Group Co., Ltd.) ("Групација Гили Технолоџи"), и нивните поврзани друштва, заедно наречени "Групација Гили" (*Geely Group*), е поделена на пет подгрупации:

1. Групација Гили Ауто (Geely Auto Group) која ги вклучува трговските марки гили ауто (Geely Auto), линк & ко (Lynk & Co), ПРОТОН (PROTON), лотус (Lotus);

2. Групација Волво Кар (Volvo Car Group) која ги вклучува трговските марки волво карс (Volvo Cars) и полестар (Polestar);

3. Групација Гили Комршал Виекл (Geely Commercial Vehicle Group) која ги вклучува трговските марки лондон електрик виекл компани (London Electric Vehicle Company) и јуан ченг (Yuan Cheng);

4. Групација Гили Технолоџи (Geely Technology Group) (нов бизнис) која ги вклучува трговските марки чаочао (CaoCao), терафуџа (Terrafugia), чјианџјанг моторсајклс (Qianjiang Motorcycles), џома (Joma) и други нови бизниси; и

5.Групација Митајм (Mitime Group) која вклучува образовни институции, деловно работење во областа на мото спортови и деловно работење во областа на туризам.

Жејанг Гили Холдинг Груп Ко., Лтд., работи на глобално ниво ширум синџирот на вредности во автомобилската индустрија, од истражување, развој и дизајн до производство, продажба и услуги.

Групацијата Гили (Волво) е присутна во Република Северна Македонија само индиректно, преку независен дистрибутер на автомобили Волво, XXX[1]. Групацијата Гили нема никакви подружници, филијали или претставништва во Република Северна Македонија.

-Заедничкото вложување ќе работи на развој, производство и дистрибуција на следната генерација смарт електрични модели.Заедничкото вложувањеXXX[2].

Подносителите на известувањето не предвидуваат заедничкото вложување да врши активности во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (4) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 а) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

---

[1]Податоците претставуваат деловна тајна

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Д-р Владимир Наумовски**